Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден 11.07.2025 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабелски вод (35 kV) траса со приклучок од КП 299/3 КО Ново Село Штип до трафостаница на КП 323/9 КО Ново Село Штип, за трафостаница на КП 323/9 КО Ново Село Штип со подземен кабелски вод (35 kV) до трафостаница на КП 323/5 КО Ново Село Штип и за трафостаница на КП 323/5 КО Ново Село Штип со подземен кабелски вод (35 kV) се до приклучок во трафостаница КЕЦ 1 Штип, КП 139 КО Штип 1, Општина Штип, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен кабелски вод (35 kV) траса со приклучок од КП 299/3 КО Ново Село Штип до трафостаница на КП 323/9 КО Ново Село Штип, за трафостаница на КП 323/9 КО Ново Село Штип со подземен кабелски вод (35 kV) до трафостаница на КП 323/5 КО Ново Село Штип и за трафостаница на КП 323/5 КО Ново Село Штип со подземен кабелски вод (35 kV) се до приклучок во трафостаница КЕЦ 1 Штип, КП 139 КО Штип 1, Општина Штип, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отворање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

4. Согласно Решението за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 805/2024 од 16.04.2024 год (издадено врз основ на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y 65122i од април 2024 година) на подрачјето на проектниот опфат, нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истите се води постапка.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-981/3
Датум: 11.07.2025
Место: Скопје

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**